Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 30.06.2024

На 29.06.2024 во 22.30 часот на подрачјето на Центар, во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Н.(27) од Скопје поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во периодот од 22.30 часот на 29.06. до 01.20 часот на 30.06.2024, за време на одржување на забава на место викано „Бабуна", велешко, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Ф.И.(33) од Прилеп, И.Ш. (31) од Прилеп, Д.С. (22) од Пробиштип, Б.Б. (51) од село Василево, струмичко, С.А.(22) од Скопје, П.Т.(21) од Велес и С.М.(38) од Велес. При преглед кај лицата биле пронајдени бела прашкаста материја и марихуана. Известен бил јавен обвинител и по документирање на настаните ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 29.06.2024 во 15.00 часот на Граничниот премин „Ќафасан" полициски службеници ги лишиле од слобода Т.Р.(36) и Л.Л.(32), двајцата од Р.Албанија, поради тоа што при извршена пасошка контрола констатирано било дека се барале по распишана телеграма од ОВР Струга. Тие биле предадени на полициски службеници од Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

На 29.06.2024 во 18.30 часот во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека на натпатникот од А4 исклучок за Свети Николемотоцикл „јамаха" со кумановски регистарски ознаки, управуван од Т.М.(39) од Куманово, излетал надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Свети Николе.

На 29.06.2024 во 14.20 часот во Полициската станица Неготино било пријавено дека на ул. „Индустриска" во Неготино патничко возило „мерцедес" со неготински регистарски ознаки, управувано од Д.М.(32) од Неготино, удрило во М.С.(73) од Неготино. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила М.С. констатирани во болницата во Неготино. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Неготино.

На 29.06.2024 во времето од 16.00 до 20.00 часот од страна на полициски службеници од СВР Скопје постапено е по план за сузбивање на питачење на подрачјето на Центар и Бит Пазар и притоа се затекнати вкупно 11 лица од кои девет се приведени за сторен прекршок по чл.24 од ЗППЈРМ (питачење), а двајца биле лишени од слобода во полициска станица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „запуштање и малтретирање на дете" по чл.201 од КЗ на РСМ. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.06.2024 во 02.30 часот во Полициската станица Центар М.Т.(22) од Скопје пријавил дека на ул.„Орце Николов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 29.06.2024 во 12.05 часот во Полициската станица Чаир Х.Г.(75) од Скопје пријавил дека на ул.„Тале Христов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 29.06.2024 во 16.10 часот во СВР Тетово било пријавено дека на крстосницата од бул. „Благоја Тоска" со ул.„Браќа Миладиновци" во Тетово, В.К.(25) од с.Желино-тетовско, кој управувал електричен тротинет, паднал и се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Тетово.

На 29.06.2024 во 11.39 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека во с.Звегор,делчевско, од трактор управуван од страна на В.Ц.(82) од с. Звегор, паднала сопатничката А.Ц.(76) од с.Звегор. Во несреќата таа се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Делчево.

На 29.06.2024 во 15.20 часот во СВР Куманово 24- годишна жена пријавила дека околу 02.00 часот во Куманово била физички нападната од нејзиниот поранешен партнер Н.Д.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2024 во 20.45 часот во СВР Куманово Ч.П.(63) пријавил дека околу 19.00 часот во Куманово тој и М.П. биле физички нападнати од С.С. од Куманово, кој употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2024 во 15.30 часот во СВР Скопје 34-годишна жена пријавила дека во домот на подрачјето на Бит Пазар во Скопје била физички нападната од нејзиниот вонбрачен сопруг С.Н., кој употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2024 во 15.30 часот во СВР Скопје М.Ј.(43) од Скопје пријавила дека околу 13.30 часот на подрачјето на општина Аеродром била физички нападната од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2024 во 22.15 часот во СВР Скопје Д.П.(19) од Скопје пријавил дека на 26.06.2024 околу 00.30 часот на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од еден малолетник, кој го познавал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (30.06.2024) во 02.20 часот во СВР-Битола Г.П.(47) од Битола пријавила дека на 29.06.2024 околу 23.40 часот во Битола нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2024 во 21.45 часот во Полициската станица Прилеп Б.М.(49) од Прилеп пријавил дека околу 03.00 часот во Прилеп неговиот малолетен син бил физички нападнат од тројца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2024 во 17.20 часот во Битола полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Г.Т.(42) од Битола поради постоење основи на сомнение дека околу 09.20 часот во градскиот пазар на тезгите во Битола од Б.Б.(69) од Битола со употреба на физичка сила одзел предмети. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.06.2024 во 11.55 часот во СВР Скопје А.Т.(54) од с.Петровец-скопско пријавил дека на локалниот пат с.Орешани кон с.Зелениково од заталкано зрно од огнено оружје бил оштетен кровот од неговото патничко возило „дачија" со скопски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2024 во 20.45 часот во СВР Скопје С.И.(63) пријавил дека околу 11.30 часот на подрачјето на Шуто Оризари во Скопје бил физички нападнат од А.С.(54), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.06.2024 во 20.15 часот во Полициското одделение Петровец Б.Ц.М.(34) од с.Петровец-скопско пријавила дека дома се вратил нејзиниот малолетен син Г.Ц.(12), кој истиот ден беше пријавен дека се оддалечил од домот по семејна расправија.

На 28.06.2024 во 20.40 часот во СВР Скопје од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив бил донесен С.Ш.(39) од Скопје со повреди од остар предмет. Од страна на полициски службеници од СВР Скопје излезено било на местото на настанот и со него бил извршен разговор, во кој кажал дека околу 20.00 часот на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија околу должничко доверителски односи, бил нападнат со остар предмет од едно лице кое го познавал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2024 во 20.00 часот во Полициската станица Пробиштип Б.В.(47) од с.Ратавица-пробиштипско пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка Е.В.(17). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 29.06.2024 во 12.10 часот во Полициско одделение Ростуше било пријавено дека во с.Тресонче на место викано „Тресонечки водопади" С.П. (69) од Скопје со група планинари, движејќи се по шумска необележана патека, кон пештера „Алилица", паднал во провалија и се добил со повреди на главата. Полициски службеници од Одделот за воздухопловни единици во содејство со САЕ Тигар го извлекле С.П. од провалијата и со хеликоптер на МВР го пренеле до ГОБ „8 Септември " во Скопје, каде од страна на доктор била констатирана смрт.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет